**Плаќање на данокот**

Член 9

Субјектите од член 8 на овој закон наплатениот данок на финансиски трансакции го уплатуваат дневно на сметка на Буџетот на Република Македонија, а најдоцна првиот работен ден по истекот на денот на наплатата.

**Евиденциски обврски**

Член 10

Субјектите од член 8 на овој закон должни се да водат евиденција за пресметка, наплата и уплата на данокот на финансиски трансакции.

**Контрола и казнени одредби**

Член 11

Контролата на спроведување на овој закон ја врши Управата за јавни приходи.

Член 12

Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок субјектот - правно лице од член 8 на овој закон ако:

- не наплати и не уплати данок на финансиски трансакции (членови 8 и 9) и
- не води евиденција за пресметка, наплата и уплата на данокот на финансиски трансакции (член 10).

За прекршоците од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице кај субјектот-правно лице од член 8 на овој закон, со парична казна од 40.000 до 50.000 денари.

Член 13

Управата за јавни приходи ќе пресмета и ќе наплати камата по каматна стапка од 0,1% дневно од субјектите од член 8 на овој закон, доколку данокот на финансиски трансакции не го уплатат во рокот утврден во член 9 на овој закон.

**Завршни одредби**

Член 14

Министерот за финансии, по потреба, ќе донесе поблиски прописи за начинот и постапката за спроведување на овој закон.

Член 15

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули до 31 декември 2001 година.

---

**970.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНОТО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за девизното работење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јуни 2001 година.

Бр. 07-2380/1
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Во Законот за девизното работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 30/93 и 54/2000), во член 90 ставот 4 се менува и гласи:

"Домашните лица можат девизите кои ги остваруваат од извоз на стоки и услуги да ги држат во депозит кај овластените банки за работа во странство во рокови кои со одлука ги определува Народната банка на Република Македонија."

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**971.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНОТО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за девизното работење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јуни 2001 година.

Бр. 07-2381/1
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Во Законот за девизното работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2001), во членот 2 ставот 16 и точката 1 се бришат.

Член 2

Во членот 20 став 2 зборот "кон" се заменува со зборот "кои".

Член 3

Во членот 28 став 2 во првиот ред сврзникот "и" се заменува со сврзникот "или".

Член 4

Во членот 38 став 1 алинеја 5 и во членот 39 став 1 алинеја 5 по зборот "готовина", зборовите: "хартии од вредност" се заменуваат со зборот "вредносници".

Член 5

Во членот 44 став 1 во првиот ред зборот "за" се заменува со зборот "на".

Член 6

Во членот 57 став 3 броевите: "31 и 32" се заменуваат со броевите: "32 и 33".

Во ставот 4 во ред четврти по зборот: "прекршок" се додаваат зборовите: "од физичко лице резидент или нерезидент".

Член 7

Во членот 61 зборовите: "влегувањето во сила" се заменуваат со зборовите: "отпочнување на примената".

Член 8

Во членот 62 зборовите: "1 октомври" се заменуваат со зборовите: "31 декември".

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**972.**

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 јуни 2001 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕРОТ КОЈ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

1. За заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана се именува

Борис Змејковски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2384/1
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

---

**973.**

Врз основа на член 24-а, став 1 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/2000 и 109/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.06.2001 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ ПРИ УВОЗ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

1. Со оваа одлука се определуваат царинските контингенти на одделни нафтени деривати кои може да се увезат без плаќање на царина пропишана со Царинската тарифа и тоа:

| Наименување | Тарифен број | Количина |
|---|---|---|
| - Вајт-шпирит | 2710 00 21 00 | 500 тони |
| - Гасни масла за други намени со содржина на сулфур по маса над 0,05% до 0,2% (Дизел гориво) | 2710 00 67 00 | 20.000 тони |

2. Нафтените деривати од точката 1 на оваа одлука ќе бидат внесени во царинското подрачје на Република Македонија заклучно со 31.12.2001 година.

3. Министерот за економија со решение го одобрува царинскиот контингент по барање на крајниот корисник.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3835/1
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**974.**

Врз основа на член 9 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/96 и 40/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5. 06. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за утврдување на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 54/94, 60/95, 41/96, 47/97, 107/2000 и 112/2001) во точката 1 под Б) Регионални патишта се врши изменувања и тоа:

Р-104 Илинден (врска со М-4)-Јурумлери-Драчево-Нова Брезница-Брана Козјак-Мост кај Близанско-Беличка река-Македонски Брод (врска со Р-513).

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3269/1
5 јуни 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**975.**

Врз основа на член 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 2001 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ОД РЕГИОНАЛНИТЕ ВОДОВОДИ "СТУДЕНЧИЦА И ЗЛЕТОВИЦА"-СКОПЈЕ

1. Томислав Наумовски се разрешува од должноста директор на Јавното претпријатие за водоснабдување од регионалните водоводи "Студенчица и Злетовица"-Скопје, поради престанок на Јавното претпријатие.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3220/2
19 јуни 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**976.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 2001 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

1. За директор на Службата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, се именува м-р Константин Сидеровски, досегашен директор на Заводот за животна средина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3685/2
19 јуни 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.